**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 17 став 5 и член 22 став 2 од Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за измени и дополнувања на Одлуката за издавање дозволи на банка
## („Службен весник на РМ“ бр.134 /2007)

I. Во Одлуката за издавање дозволи на банка („Службен весник на РМ“ бр. 91/2007), во **Образец 2** - Прашалник за правните лица кои имаат намера да основаат банка, текстот после прашањето 18 се менува и гласи:

Јас ________________________________________ (име и презиме на членот на органот на надзор или управување на правното лице кое има намера да основа банка) како член на ________________ (органот на надзор или управување на правното лице кое има намера да основа банка) на ___________________________________ (назив на правното лице)

а) Изјавувам, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека информациите содржани во овој Прашалник, како и целата документација која ја доставува правното лице во рамките на барањето за издавање дозвола за основање и работење на банка/барањето за издавање дозвола за статусни промени, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи.

б) Свесен сум за критериумите пропишани со Законот за банките кои треба да ги исполни __________________ (назив на правното лице) за да стане акционер со квалификувано учество во банка.

в) Изјавувам дека правното лице ќе обезбеди почитување на супервизорските стандарди, спроведување на мерките преземени од страна на Народната банка и ќе ги доставува сите податоци и информации побарани од Народната банка за вршење ефикасна супервизија, со што ќе се обезбеди сигурно и стабилно работење на банката.

| | |
|---|---|
| Место и датум | Потпис на овластен член на надлежниот орган |
| ____________________ | ____________________________ |

II. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Обр. 02-15/X-4/2007**
**31.10. 2007 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**Гувернер**
**Претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**